„Не е силен, тој кој е појак во борењето, силен е тој кој се контролира себеси во лутина.“

Од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се пренесува, дека Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рекол: „Не е силен, тој кој е појак во борењето, силен е тој кој се контролира себеси во лутина.“

[متفق عليه] [صحيح]

Во овој хадис, Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, ни објаснува дека физичката сила не е вистинска сила, како силата на тој што ќе победи во борење со некој појак од себе. Вистинската сила е кога човекот ќе се победи и порази себеси при состојба на лутина, бидејќи тоа покажува дека тој е способен да се контролира себеси и да го победи шејтанот.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5351